# атанас атанасоски
# atanas atanasoski

влегување во Јени Џамија,
амбиентална инсталација

entrance to Yeni Mosque,
ambiental installation

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - БИТОЛА
ART GALERY - BITOLA
НОЕМВРИ '98
NOVEMBER '98





Новата уметничка практика во Македонија (движење прифатено од Европските уметнички универзални простори) И н с т а л а ц и ј а т а претставува филозофско размислување за севкупната актуелност на современото живеење. Затоа и толкувањето на истата би требало да има нови пристапи, нови филозофски размислувања.

Просторот во Уметничката галерија претставуваше главен инспирирачки елемент за амбиентално обликување на инсталацијата на Атанас Атанасоски. Во новиот амбиент Атанасоски го наоѓа изгубениот дух, внесувајќи во него печат на еколошка и антрополошка свест. Тој прави синтеза на природното и уметничкото, на општото и индивидуалното, во која уметност станува реалност, во која активно учествува чинот на естетско обликување на амбиентот.

Авторот во инсталацијата користи природни матерјали со цел да создаде во просторот - простор кој ќе воспостави односи помеѓу сите елементи на ентериерната статичност и силната духовност како протиставеност на предходниот елемент. Низ приодот од востановена еколошка реалност се создава приод кон највозвишена духовност во која авторот прави спонтано поврзување на амбиентот со духот. Универзалноста на патот до совршенство, авторот ја креира едноставно, реално достапно за сечија природа во која духот тежнее да излези од реалноста, односно да се изгради низ едноставни секојдневни форми до возвишеното. Од други аспекти, амбиентот на Атанасоски повеќе служи да го врати (усмери и постави на прав пат) човечкиот изгубен дух и да го внесе во уметничко естетскиот универзум.

Во тродимензионалното согледување на виртуелната реалност, Атанасоски ја внесува целата своја енергија во прекршувањето на сите елементи на природните матерјали и сетила (форма, боја, движење и мирис) со духовните со што создава најавтентично чувство и израз на една епоха, карактеристична за местото на македонскиот простор во универзумот на интернационалноста.

Лиљана Христова

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
Битола

Организатор: **Завод, Музеј И Галерија - Битола**
За организаторот: Никола Ивановски
Комесар на изложбата: Лиљана Христова
Компјутерска обработка и печат: Печатница "ГУТЕНБЕРГ" Битола